Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 307, 3 октомври 2022 година

октомври 2022 година
Штип

## СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ за избор на асистент за научна област физиологија (30104) и патофизиологија (30118) (еден извршител) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 3

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област физиологија и патофизиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 9

РЕЦЕНЗИЈА на докторска дисертација со наслов „Корелација помеѓу активноста на болеста, автоимуноста и биолошките маркери кај пациентите со хронична спонтана уртикарија”, пријавена на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 16

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Didattica della lingua italiana 2 (методика на наставата по италијански јазик 2)“ – рецензирана скрипта од автор доц. д-р Весна Коцева, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 22

РЕЦЕНЗИЈА на учебник „Јавна администрација” од проф. д-р Јадранка Денкова, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 25

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Македонска народна книжевност“ – практикум од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 28

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Македонска народна книжевност“ – рецензирана скрипта од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 30

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Didattica della lingua italiana 2 – eserciziario (практикум по методика на наставата по италијански јазик 2)“ од автор доц. д-р Весна Коцева, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 32

ПРЕГЛЕД на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научните совети на докторски студии на Кампус 3 ... 35

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 36

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ**
**ФИЗИОЛОГИЈА (30104) И ПАТОФИЗИОЛОГИЈА (30118) (ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ) НА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-167/11 од 7.6.2022 година донесена на 279. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 7.6.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент за наставно-научна област физиологија (30104) и патофизиологија (30118) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

– **д-р Милка Клинчева**, насловен вонреден професор за наставно-научна област физиологија и патофизиологија, вработена во Клиника „Жан Митрев” во Скопје, претседател;
– **д-р Зоран Ханџиски**, насловен доцент за наставно-научна област патофизиологија, вработен во ПЗУ „Кинетикус спортмед“, член;
– **д-р Мире Спасов**, вонреден професор за наставно-научна област физиологија и биохемија, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 17.05.2022 година и во предвидениот рок се пријави **асис. д-р Ана Марија Тасева.**

Кандидатката асис. д-р Ана Марија Тасева, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет заедно со пријавата ги има доставено следниве документи: 1) пријава; 2) диплома за завршен прв циклус студии - еден примерок оригинал и три копии заверени на нотар; 3) уверение за положени испити на прв циклус на студии (среден успех 9,23) заверено на нотар; 4) кратка биографија; 5) список на објавени научни и стручни трудови; 6) копии од објавени научни и стручни трудови; 7) потврда дека се служи со еден странски јазик 8) копии од сертификати стекнати на конгреси и семинари 9) препорака од 6 професори; 10) копија од дипломски труд; 11) уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха“ на 17.5.2022 година се пријави еден кандидат: **д-р Ана Марија Тасева.**

***Биографски податоци***

Кандидатката Ана Марија Тасева е родена на 17 септември 1994 година во Штип, каде што го завршува своето основно и средно (гимназиско) образование на општествено-хуманистичка насока со одличен успех во сите четири години (просек 5).

Во учебната 2013/2014 година се запишува на Факултетот за медицински науки - Општа медицина при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, на шестгодишни студии. Уште на почеток на студирањето, во септември 2014 година, зазема пасивно учество на Интернационален симпозиум „Science Mix, the international life-science symposium for sharing knowledge“ при УГД во Штип. Истата година на 12 декември, како студент со просек 10.00, станува член на Националната асоцијација на престижни академски граѓани и добива Сертификат за признание за досегашните академски постигнувања, на медицинскиот деканат, во Скопје, Р. Македонија.

Во јули 2015 година е учесник на Шестата летна школа за ургентна медицина, организирана од ЕМСА Македонија и поддржана од Медицинскиот факултет во Скопје.

Истата година во ноември учествува како пасивен учесник на Интернационалниот симпозиум на Факултетот за медицински науки во Штип на тема „Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research".

Во 2016 година станува член на Организацискиот одбор за организирање на Првиот интернационален студентски симпозиум на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип на тема „Celebrating achievements in medicine, promoting health and sharing knowledge". На 15 и 16 септември истата година учествува на Вториот симпозиум на Агенцијата за лекови и медицински средства на Р. Македонија „Легализацијата на канабисот за употреба во медицински цели во Р.Македонија" во Скопје.

Во 2017 година е одбрана за студентска размена, преку ММСА во Скопје, и реализира размена за пракса 1 месец во „Acibadem Altunizade Hospital" во Истанбул, Турција. Во ноември истата година учествува на „Neuroscience Seminar", организиран од Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Во февруари 2018 година учествува на семинар на тема „Genes and the environment", организиран од Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Во мај учествува во организацијата на првата акција за бесплатно мерење на шеќер во крвта и крвен притисок – „Здравје за сите" на граѓаните во Штип, учествува во формирањето на Организацискиот одбор на студенти по општа медицина и организирањето на Првиот конгрес на студенти по општа медицина при УГД во Штип кој се одржа на 9 и 10 мај 2018 година. На Конгресот активно учествуваше со темата „Застапеноста на висцерална лајшманиоза во Р. Македонија во периодот од 2004/2013". На истиот Конгрес, од страна на кандидатката, беше организирана практична работилница за трахеостомија и крикотироидотомија, под водство на проф. д-р Јордан Нојков.

Во ноември 2018 г. беше учесник на Регионална стручно-научна конференција на тема „Социјални детерминанти и здравјето на населението" во Штип.

Во март 2019 година учествува во својство на слушател на научно едукативен симпозиум со наслов „Dermatology 2020", организиран од Факултетот за медицински науки при УГД – Штип и Здружението на дерматовенеролози на Р.Македонија. Во април, учествување на конференција во болницата „Аџибадем Систина", на тема „Early occurrence of colorectal cancer where we are. Where are we going?". На 9 и 10 мај, како член на Организацискиот одбор, се вклучи во организација на Вториот конгрес на студенти по општа медицина. Истовремено, за време на летниот семестар, 2019 година беше еден од организаторите на Едукативниот медицински семинар, во соработка со Американски лекари – Macedonia-USA Physician Project.

Во 2018/2019 учебна година, избрана е за демонстратор на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип, на интерен конкурс за предметите Физиологија 1/2 и Медицинска психологија.

На 19 јуни 2019 година го презентира својот дипломски труд на тема „Растројства во исхраната и боди имиџот кај адолесценти – превенција и психолошки третман", под менторство на проф. д-р Ленче Милошева и се стекнува со називот доктор по општа медицина.

Член е на Црвен крст – Штип.

Клиничкото искуство го стекнува во Клиничка болница – Штип, каде што реализира пракса и во Општа болница „8 Септември3 во Скопје, каде што реализира стаж од шест месеци.

На 3 декември 2019 година, едногласно е изгласана на Наставно-научен совет и избрана за **асистент на Факултетот за медицински науки** при УГД – Штип, научна област – физиологија и патофизиологија, каде што од 15 декември 2019 година започнува со редовен работен однос, и на истата работна позиција е до ден денес.

Во периодот од 12 јуни до 12 декември 2020 година е ангажирана од страна на ЈЗУ Здравствен дом „Панче Караѓозов" – Штип, за вршење на работи за работно место

**доктор на медицина** во дејностите на итна медицинска помош и домашно лекување, превентивна здравствена заштита за предучилишни и училишни деца и поливалентна патронажа, според Програмата за обезбедување можности за докторите на медицина на Министерството за здравство.

На огласот објавен на ден 7.7.2021 г. за специјализации од областа на медицината, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ѝ е одобрена специјализација по специјалноста **кардиологија** и започнува со специјализација во Клиничка болница „Жан Митрев" во Скопје.

Во декември 2021 г. се запишува на трет циклус студии на Факултет за медицински науки при УГД во Штип.

Одлично ги владее англискиот јазик (B2.2), основно ниво на германски јазик и успешно се служи со групата на јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски).

Одлично владеење со сите алатки од MS Office пакетот (MS Word, Power Point, Excel Publisher, Corel DRAW, Paint ); активно користи интернет, електронска пошта, алатки за видео конференци. Поседува возачка дозвола – Б категорија.

Се служи со социјални вештини: способност за тимска работа, креативен и иновативен пристап во работа и во решавање на проблеми, флексибилност и адаптабилност во работењето, иницијативност, мотивираност и упорност, комуникациски и презентирачки способности.

**Кандидатката асис. д-р Ана Марија Тасева ги исполнува законските услови за избор во соработничко звање асистент:**

1. Остварен просечен успех од 9,23 на студиите од интегриран прв и втор циклус на Факултетот за медицински науки – Општа медицина при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
2. Со Одлука бр.2002-247/8 на 234. седница на Наставно-научен совет на Факултет за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип одржана на 3.12.2019 година е избрана во соработничко звање асистент за научна област физиологија и патофизиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип за период од 3 (три) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр.242 од 15.11.2019 година.
3. Објавени 3 (три) научноистражувачки трудови во референтна научна публикација. Во тек е рецензирањето на првиот практикум по Физиологија 1 за општа медицина, на кој еден од авторите е и д-р Ана Марија Тасева.
4. Познавање на странски јазик – англиски.
5. Демонстрира способност за изведување на високообразовна дејност, а во изминатиот период беше вклучена како соработник-асистент во реализација на вежби по предметите Физиологија 1 и 2 (Општа медицина), Патофизиологија 1 и 2 (Општа медицина), Патофизиологија (Фармација и Дентална медицина), како демонстратор беше ангажирана во реализација на вежби и по предметот Медицинска психологија (Општа медицина).
6. Шест препораки од професори.

**Наставно-образовна, научноистражувачка и стручна дејност за д-р Ана Марија Тасева**

Кандидатката д-р Ана Марија Тасева, како студент-демонстратор, во академската 2018/2019 година, како и тековно, учествува во реализацијата на практичната настава на Студиската програма по општа медицина на предметите Физиологија 1, Физиологија 2 и Медицинска психологија. При реализација на нејзините активности во практичната настава, д-р Ана Марија Тасева е целосно достапна за студентите, им помага во совладување на вежбите по горенаведените предмети, што е огромен придонес во едукацијата на идните

генерации доктори по општа медицина. Не помалку важна е и нејзината подготвеност за комуникација и соработка со вработените на Факултетот за медицински науки, колегите воопшто, таа е одличен соработник, човек од доверба со високи хумани, стручни и научни квалитети. За време на нејзината ангажираност како студент-демонстратор на Факултетот за медицински науки, д-р Ана Марија Тасева учествува во организацијата и реализацијата на првиот Конгрес на студенти по општа медицина при УГД - Штип. На овој Конгрес, на кој учествуваа многу еминентни професори и стручњаци од областа на медицината во нашата држава, д-р Ана Марија Тасева покажа извонредни организациски и креативни капацитети.

Во 2014 година добива Сертификат за членство и признание за академски постигнувања од Националната асоцијација на престижни академски граѓани.

Во летото 2015 година добива Сертификат за учество и успешно завршување на 6. Медицинска летна школа за итна медицина, огранизирана од ЕМСА Македонија, поддржана од Медицинскиот факултет во Скопје и ЕМСА Европа.

Во летото 2017 година, на Одделот за ортопедија и трауматологија во Болницата „Аџибадем“ во Истанбул, под менторство на проф. Метин Туркмен, успешно ја комплетира професионалната програма за размена на студенти.

На 3 декември 2019 година, едногласно е изгласана на Наставно-научен совет и избрана за **асистент на Факултетот за медицински науки**, при УГД – Штип, научна област – физиологија и патофизиологија.

Во летото 2021 година добива специјализација по кардиологија под менторство на проф. д-р Милка Клинчева, а во декември истата година се запишува на трет циклус на студии под менторство на проф. д-р Вело Марковски.

Во учебната 2021/2022 година присуствува на обука и успешно ги положува тестовите за Basic Life support и Advanced Life support.

На Првиот конгрес на студенти по општа медицина при УГД - Штип, д-р Ана Марија Тасева учествува со три труда од областа на инфектологијата, и тоа:

1. Тасева А.М., Трајкова Ј., Замановски К., Лонгуров А., Марковски В. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Застапеноста на висцерална лајшманиоза во Република Македонија во периодот 2004/2013, Прв конгрес на студенти по општа медцина, Книга на апстракти, 44 ст, 9-10 мај 2018.
2. Замановски К., Лонгуров А., Тасева А.М., Ваљаков И., Трајкова Ј., Димитров Г. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Повторувачка транзиторна Meningocele во прв триместар кај иста пациентка во две бремености. Прв конгрес на студенти по општа медицина, Книга на апстракти, 73 ст, 9-10 мај 2018.
3. Трајкова Ј., Тасева А.М., Замановски К., Лонгуров А., Марковски В. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Застапеноста на салмонелози во Штип во период од 2008 до 2015 година. Прв конгрес на студенти по општа медицина, Книга на апстракти, 53 ст, 9-10 мај 2018.

Д-р Ана Марија Тасева има добиено над 15 сертификати на бројни работилници, симпозиуми и конгреси од областа на медицината.

**Научна евалуација на научните трудови на кандидатката д-р Ана Марија Тасева**

1. Тасева А.М., Трајкова Ј., Замановски К., Лонгуров А., Марковски В. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Застапеноста на висцерална лајшманиоза во Република Македонија во периодот 2004/2013, Прв конгрес на студенти по општа медицина, Книга на апстракти, 44 ст, 9-10 мај 2018.

Лајшманиозата е трансмисивна болест на човекот и некои животни причинета од паразити од родот Leishmania. Поради неспецифичноста на клиничката слика многу случаи остануваат недијагностицирани, а доколку не се лекува може да заврши со смрт.

**Цел**: Да се одреди дистрибуцијата на регистрираните заболени од лајшманиоза во Р. Македонија во периодот од 2004 до 2013 г.

**Заклучок**: Во анализираниот период вкупно се регистрирани 89 заболени, најмногу има регистрирани во 2013 година, вкупно 20 заболени (23%). Најголем број на заболени лица се регистрирани во Скопје – вкупно 30 заболени (34%). Во истиот период во Штип има 6 лица (7%). Најмногу заболени се во возрасната група над 60 години – 15 случаи (17%). Висцералната лајшманиоза како непосредна причина за смрт е утврдена кај 3 случаи.

2. Замановски К., Лонгуров А., Тасева А.М., Ваљаков И., Трајкова Ј., Димитров Г. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Повторувачка транзиторна Meningocele во прв триместар кај иста пациентка во две бремености. Прв конгрес на студенти по општа медицина, Книга на апстракти, 73 ст, 9-10 мај 2018.

Meningocele претставува најчест вроден деформитет на ‘рбетниот столб и ‘рбетниот мозок, кој настанува во првите месеци во бременоста при што задниот дел на ‘рбетниот столб не е затворен целосно.

**Цел**: Целта на овој труд е да се прикаже еден редок случај, и при дијагностицирање на Meningocele да се почека со цел да се види дали таа напредува или има знаци за повлекување.

**Заклучок**: При дијагностицирање на Meningocele треба да се следи нивото на AFP и доколку настанува негово намалување има знаци дека може да дојде до повлекување на менингоцелата, т.е затворање на невралната туба.

3. Трајкова Ј., Тасева А.М., Замановски К., Лонгуров А., Марковски В. (Факултет за медицински науки, УГД-Штип). Застапеноста на салмонелози во Штип во период од 2008 до 2015 година. Прв конгрес на студенти по општа медицина, Книга на апстракти, 53 ст, 9-10 мај 2018.

Нетифузните салмонелози се честа ГИТ инфекција. Тие најчесто одат како гастроентероколит, гастроентерит и алиментарни токсоинфекции.

**Цел**: Да се анализираат епидемиолошките карактеристики на салмонелозите во Штип во периодот од 2008 до 2015 година.

**Заклучок**: Во анализираниот период вкупно се регистрирани 99 заболени. Најголем број на заболени лица се регистрирани во 2014 – 39 лица (39%), а најмалку во 2009 – 3 случаи (3%). Според возрасната група најмногу заболени има од 19-39 години – 30 (30%). Според полот, од салмонелози заболеле повеќе мажи – 60 заболени (61%) отколку жени – 39 заболени (39%). Од заболените 73 лица биле хоспитализирани (74%).

Во листата на трудови како забелешка беше додадено дека во тек е рецензирањето на првиот практикум по Физиологија 1, на кој еден од авторите е Ана Марија Тасева, како и изработката на првиот практикум по Физиологија 2 за општа медицина.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката асис. д-р Ана Марија Тасева е член на:

- Лекарска комора на Република Македонија;
- Член на Македонското кардиолошко здружение;
- Член на Европското кардиолошко здружение;
- Активно е вклучена во организација на симпозиуми, студентски конгреси и летна школа на Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатката д-р Ана Марија Тасева ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во наставно-научно и соработничко звање асистент. Нејзиниот придонес во реализацијата на практичните наставни содржини на Студиската програма за општа медицина е со енормен потенцијал и го карактеризира едноставност, достапност и секогаш во секое време подготвеност да им излезе во пресрет на студентите, не штедејќи го своето време, знаење и искуство. Квалитативните перформанси на д-р Ана Марија Тасева, како во наставната така и во научната сфера, за што сведочат учествата на бројни семинари и конгреси, претставуваат доказ за нејзината еволутивна подготвеност да биде избрана во соработничкото звање асистент.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Ана Марија Тасева да биде избрана за асистент за научната област физиологија и патофизиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милка Клинчева**, насловен вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Зоран Ханциски**, насловен доцент, член, с.р.
**Д-р Мире Спасов**, вонреден професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИОЛОГИЈА И ПАТОФИЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, на својата редовна 261. седница, на 12.7.2022 година, донесе Одлука со бр. 2007-219/2 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област физиологија (30104) и патофизиологија (30118) – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **д-р Милка Клинчева** – насловен вонреден професор за наставно-научната област физиологија и патофизиологија, Факултет за медицински науки, УГД - претседател;
– **д-р Зоран Ханџиски** – насловен доцент за наставно-научната област патофизиологија, Факултет за медицински науки, УГД - член;
– **д-р Мире Спасов** – вонреден професор за наставно-научната област физиологија и биохемија, Факултет за медицински науки, УГД – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 23.6.2022 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Танер Хасан, д-р на медицински науки, специјалист по интерна медицина и суспецијалист по ендокринологија.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Танер Хасан** е роден во Гостивар во 1974 година. Завршува Гимназија - Биотехнологија во Гостивар. Студиите на Медицинскиот факултет „Хаџеттепе“ во Анкара, Р. Турција, ги завршува во 1999 година. Следната година се запишува на специјализација по интерна медицина на Универзитетот „АНКАРА“ во Анкара, Р. Турција, каде што успешно го полага специјалистичкиот испит по интерна медицина во јуни 200 година. По завршувањето на специјалистичкиот испит по интерна медицина се вработува во Клиничката болница „Кечиорен“ во Анкара, каде што продолжува да работи како специјалист интернист до 2009 година. Во 2010 година се враќа во РС Македонија и се запишува на суспецијализација по ендокринологија при Клиниката за ендокринологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Суспецијализацијата по ендокринологија ја завршува во декември 2012 година. Веднаш по завршувањето на суспецијализацијата се вработува на Одделението за ендокринологија во ЈЗУ ГОБ „8-МИ СЕПТЕМВРИ“. Во 2014 година станува раководител на истото одделение. Во 2014 година два месеца престојува во Клиниката за ендокринологија на Медицинскиот факултет „АНКАРА“ во Анкара, Р.Турција. Во 2016 година еден месец престојува во Центарот за дијабетес „СТЕНО“ во Копенхаген во Данска. Во 2015 година се запишува на трет циклус докторски студии во Медицинскиот факултет во Скопје и во декември 2019 година ја брани својата докторска дисертација на тема „Асоцијација наполиморфизмите во гените *ACE и APOE* со дијабетичната нефропатија“. Во март 2022 година станува раководител на интерните одделенија при ЈЗУ ГОБ „8-МИ СЕПТЕМВРИ“. Има издадено десетина научни трудови во меѓународни списанија и присуствувал на многубројни конгреси и советувања. Има искуство во вршење на наставна дејност, предавања и вежби.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

Општи и посебни услови кои д-р Танер Хасан исполнува за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научно звање на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Општи услови:***

– Просек од додипломски студии – 8,12 (Медицински факултет „Хаџеттепе“ во Анкара, Р.Турција);
– Специјализација по интерна медицина (завршена на Катедрата за интерни болести на Медицинскиот факултет „АНКАРА“ во Анкара, Р.Турција);
– Супспецијализација по ендокринологија (завршена на Клиника за ендокринологија, Медицински факултет во Скопје, УКИМ);
– Научен степен - доктор на медицински науки, стекнат на Медицински факултет во Скопје, УКИМ;
– Во последните пет години (пред објавување на огласот за избор) има објавено шест научни трудови во меѓународно признаени списанија, индексирани во меѓународни бази на податоци;
– Потврда за познавање на англиски јазик.

***Посебни услови:***

– Препораки од двајца професори од соодветната област;
– Учество во три меѓународни проекти;
– Активно партиципира во работилници и има престои во странство, со што го унапредува своето стручно познавање, кое понатаму го пренесува на своите соработници и колеги.

***Трудови објавени во списанија со фактор на влијание и меѓународен уредувачки одбор во последни пет години***

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Trajkovska I, Buklioska I D,Ilievska, **Hasan T** | Type 2 diabetes in young adults, can we do more for them? – case presentation | *Rom J Diabetes Nutr Metab Dis. 2021; 28(1):116-120* | 1992 |
| **2.** | Baloski M, Buklioska I D, **Hasan T**, Nedeska M N Prgova V B, Nanceva B A, Brishkoska B V,Nanceva J, Bosevski M, Panov S. | Descriptive analysis of clinical and demographic data of selected group of patients with pulmonary embolism | *Acta Morphol.2020;17(1):20-26.* | 2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Baloski M, Buklioska I D, **Hasan T**, Nedeska M N Prgova V B, Nanceva B A, Brishkoska B V,Nanceva J, Bosevski M, Panov S. | Deep vein thrombosis and recurent pulmonary embolism in a patient with trombophilic mutations and generalized psoriasis: A CASE REPORT | *SANAMED 2020;15(2):183-188* | 2006 |
| **4.** | Baloski M, Ilievska B D, **Hasan T**, Nedeska Minova N, Petkovikj N. | Поврзаност на полиморфизмот C677T во генот MTHFR со белодробната емболија | *MEDICUS 2020 Vol 25(1):65-69* | 1994 |
| **5.** | **Hasan T,** Pakovski K, Josifovska S, Baloski M, Minova N N, Doneva D, Trajkovska I, Volkanoska C, Neshkovska R, Panov S | Association of the APOE Gene Polymorphism With Diabetic Nephropathy | *MEDICUS 2019, Vol.24(2):132-135* | 1994 |
| **6.** | **Hasan T,** Pakovski K, Josifovska S, Baloski M, Minova N N, Doneva D, Trajkovska I, Volkanoska C, Neshkovska R, Panov S. | Angiotensin-Converting Enzyme Gene (I/D) Polymorphism in Association with the Diabetic Nephropathy | *MEDICUS 2018, Vol.23(3):233-237* | 1994 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Танер Хасан по супспецијализацијата по ендокринологија на Клиниката за ендокринологија при Медицинскиот факултет во Скопје бил ангажиран како едукатор по интерна медицина во ЈЗУ ГОБ „8-МИ СЕПТЕМВРИ“. По завршувањето на докторската дисертација во Медицинскиот факултет во Скопје станува едукатор по интерна медицина на студентите и специјализантите од Медицинскиот факултет во Штип кои клиничката пракса ја извршуваат во ЈЗУ ГОБ „8-МИ СЕПТЕМВРИ“. Во 2017 година станува еден од главните истражувачи на меѓународна мултицентрична рандомизирана клиничка студија „Global Premix” со број на протокол: LPS15017 – insulin glargine/lixisenatide. Во октомври 2019 година учествува на „RISE DC” програмата во Лисабон, Португалија, каде што одржува усна презентација на тема GLP1 RAs class : differences in metabolic effects. Во моментов, исто така, е еден од главните истражувачи на меѓународна мултицентрична ретроспективна клиничка студија „MIRAGE NN9535-4976” (кардиометаболните бенефити на ГЛП-1 агонистот – Семаглутид). Покрај високата професионалност во стручниот

ангажман, д-р Хасан покажува и посебен интерес кон научноистражувачката работа. Има објавено десетина трудови во списанија со фактор на влијание, во индексирани списанија со меѓународни уредувачки одбори, како и трудови во книги на апстракти. Учествува на бројни конгреси, симпозиуми и семинари како во земјава така и во странство.

***Трудови во кои д-р Танер Хасан е автор и коавтор, објавени во списанија со фактор на влијание, списанија со меѓународен уредувачки одбор:***

1. Kutlay S, **Hasan T**, Keven K, Nergizoglu G, Ates K, Karatan O. Primary amyloidosis presenting with massive generalized lymphadenopathy**.** *Leuk Lymphoma. 2002 Jul;43(7):1501-3.*
2. Ertas FS**, Hasan T**, Ozdol C, Gulec S, Atmaca Y, Tulunay C, Karabulut H, Kocum HT, Dincer I, Kose KS, Erol C. Relationship between angiotensin-converting enzyme gene polymorphism and severity of aortic valve calcification**.** *Mayo Clin Proc. 2007 Aug;82(8):944-50.*
3. Yaman O, Gulpinar O, **Hasan T**, Ozdol C, Ertas FS, Ozgenci E. Erectile dysfunction may predict coronary artery disease: relationship between coronary artery calcium scoring and erectile dysfunction severity. *Int Urol Nephrol. 2008;40(1):117-23. Epub 2007 Nov 2.*
4. Candemir B, Ertas FS, Kaya CT, Ozdol C, **Hasan T**, Akan OA, Sahin M, Erol C. Association between antibodies against calcifying nanoparticles and mitral annular calcification**.** *J Heart Valve Dis. 2010 Nov;19(6):745-52.*
5. Tulunay Kaya C, Sinan Ertas F, **Hasan T**, Candemir B, Ozdol C, Arikan Akan O, Kocum T, Dincer I, Sahin M, Atmaca Y, Conkbayır C, Erol C. Anticalcifying nanoparticle antibody titer is an independent risk factor for coronary artery calcification.*Coron Artery Dis.2011;22(6):394-400. doi: 10.1097/MCA.0b013e3283487d7f.*

***Евалуација на трудовите за избор на д-р Танер Хасан* (публикувани во последните пет години)**

6. Trajkovska I, Georgievski B, Cevreska L, Gacovski A, **Hasan T**, Nedeska-Minova N. Early and Late Complications in Patients with Allogeneic Transplantation of Hematopoietic Stem Cell - Case Report. *Open Access Maced J Med Sci. 2017 May 9;5(3):340-343. doi: 10.3889/oamjms.2017.038. eCollection 2017 Jun 15*

Во ова испитување главна цел е да се утврдат раните и доцните хронични компликации кои настануваат по алогенска трансплантација на хематопоетски матични клетки. Заклучено е дека хроничната форма на GVHD, инфекциите, катарактата и секундарните карциноми со MS депозити се важни посттрансплантациони доцни компликации за кои треба да се едуцираат пациентите и лекарите.

7. **Taner Hasan**, Ivana Trajkovska, Marjan Balovski, Natasha N.Minova, Cvetanka Volkanovska ilievska, Daniela Doneva, Kiril Pakovski, Slavica Josifovska, Sasho Panov. Angiotensin-Converting Enzyme Gene (I/D) Polymorphism in Association with the Diabetic Nephropathy**.** *MEDICUS 2018, Vol.23(3):233-237*

Во трудот е испитувана асоцијацијата на полиморфизмот во генот ангиотенсин конвертирачки ензим (*I/D*) со дијабетичната нефропатија кај пациенти со дијабетес тип 2. Од добиените резултати утврдено е дека пациенти кои се носители на генотиповите *D/D* и *I/D* имаат значајно повеќе шанси да развиваат дијабетична нефропатија во однос на пациентите кои се носители на генотипот *I/I*. Утврдувањето на овие генотипови би можело да е од големо значење за раната детекција на дијабетичната нефропатија и навремено воведување на ренопротективната терапија со што би се спречила или одложувала појавата на оваа микроваскуларна компликација на дијабетесот.

8. **Taner Hasan,** Kiril Pakovski, Slavica Josifovska, Marjan Baloski, Natasha Nedeska Minova, Daniela Doneva, Ivana Trajkovska, Cvetanka Volkanoska, Radmila Neshkovska, Sasho Panov. Association of the *APOE* Gene Polymorphism With Diabetic Nephropathy**.** *MEDICUS 2019, Vol.24(2):132-135.*

Испитувана е поврзаноста на полиморфизмот во генот аполипопротеин Е (*APOE)* со дијабетичната нефропатија. Утврдено е дека пациенти со дијабетес тип 2 кои се носители на одредени генотипови (ε2/ε3) и алелот ε2 имаат сигнификантно поверојатно шанси да развиваат дијабетична нефропатија во однос на пациентите кои не се носители на овој генотип или алел. Од добиените резултати се покажува дека утврдувањето на полиморфизмот во генот (*APOE*) може да има прогностичко значење за раната детекција на дијабетичната нефропатија кај пациенти со дијабетес тип 2. Секако потребни се поголем број на студии кои би придонеле оваа алатка почесто да се користи за раната детекција на дијабетичната нефропатија кај пациенти кои имаат предиспозиција за болеста.

9. Marjan Baloski, Daniela Ilievska Buklioska, Vesna Brishkovska-Boshkovski, **Taner Hasan**, Natasha Nedeska Minova, Biljana Prgova-Veljanova, Andrea Nanceva-Bogoevska, Jasminka Nanceva, Marijan Bosevski, Sasho Panov.
   Deep vein thrombosis and recurrent pulmonary embolism in a patient with thrombophilic mutations and generalized psoriasis: A Case report
   *SANAMED 2020;15(2):183-188*

Целта на оваа студија е да се укажува на поврзаноста на псоријазата со длабоката венска тромбоза. Присуството на одредени имуномедијаторни болести, како што е псоријазата, го зголемуваат ризикот од појавата и рекуренцијата на венската тромбоемболија. Во заклучокот на трудот се потенцира дека раната детекција на венската тромбоемболија кај овие пациенти ќе ја подобри прогнозата на болеста.

10. Baloski Marjan, Buklioska Ilievska Daniela, **Hasan Taner**, Nedeska Minova Natasa ,Prgova-Veljanova Biljana, Nanceva Boguchevska Andrea, Brishkoska-Boshkovski Vesna,Nanceva Jasminka, Bosevski Marijan, Panov Sasho. Descriptive analysis of clinical and demographic data of selected group of patients with pulmonary embolism. *Acta Morphol.2020;17(1):20-26.*

Во студијата се укажува дека постоење на одредени демографски карактеристики и клинички состојби го зголемуваат ризикот за белодробна емболија. Од испитувањето јасно се гледа дека атријалната хипертензија, дијабетес тип 2, дебелината и пушењето сигнификантно го зголемуваат ризикот од појава на белодробна емболија.

11. Marjan Baloski, Daniela Buklioska Ilievska., **Taner Hasan**, Natasa Nedeska Minova, Natasha Petkovikj. Поврзаност на полиморфизмот C677T во генот MTHFR со белодробната емболија. *MEDICUS 2020,Vol.25(1):65-69*

Целта на оваа студија е да укажува на постоење на генетска поврзаност на определени тромбофилии со појавата на белодробната емболија, вклучувајќи ги полиморфизмите во генот метилен - тетрахидрофолатредуктаза *MTHFRC677T.* Од добиените резултати се утврдува дека постои сигнификантна поврзаност помеѓу хомозиготниот генотип TT односно на алелот T со белодробната емболија. Овие резултати се во корелација со претходно направените студии.

12. Ivana Trajkovska, Daniela Buklioska Ilievska, **Taner Hasan**.

Type 2 diabetes in young adults, can we do more for them? – case presentation**.** *Rom J Diabetes Nutr Metab Dis. 2021; 28(1):116-120*

Во студијата се утврдува дека појавата на дијабетес тип 2 не е честа појава само кај возрасната популација туку се среќава и кај младата популација. Регулирањето на исхраната и животниот стил кај младите може да превенира или одложи појавата на дијабетес тип 2. Добрата регулација на гликемијата и користење на антихипергликемиска терапија со докажан кардиоваскуларен бенефит игра пресудна улога во спречувањето на микро и макроваскуларните компликации од дијабетесот.

***Трудови презентирани и објавени во зборник на трудови од научен собир***

13. **Taner Hasan**, Kiril Pakovski, Slavica Josifovska, Natasa Nedeska Minova, Daniela Doneva, Ivana Trajkovska, Cvetanka Volkanoska, Radmila Neshkovska, Sasho Panov, Association of apoe gene polymorphism with diabeticnephropathy - presented at *4th Diabetes Days in Macedonia, Krushevo, Macedonia, 29-31 March, 2019*

14. **Taner Hasan**, Kiril Pakovski, Ivana Trajkovska, Daniela Doneva, Cvetanka Volkanovska, Natasha Nedevska-Minova, Sasho Panov, Association of ace i/d gene polymorphism withdiabetic nephropathy -– presented at *3rd Diabetes Days and 5th Congress on endocrinology and diabetes in Macedonia,Ohrid, Macedonia, 10-13 May 2018*
15. Volkanovska Ilijevska C, **Hasan T**, Doneva D, Nedeska Minova N, Trajkovska I, Neshovska R, Simeonova M, Empty Sella Syndrome with Profound Hypopituitarism– presented at *3rd Diabetes Days and 5th Congress on endocrinology and diabetes in Macedonia, Ohrid, Macedonia, 10-13 May 2018*

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Танер Хасан по завршувањето на докторската дисертација, во периодот 2015-2019 година, работи како интернист-ендокринолог во ЈЗУ ГОБ „8-МИ СЕПТЕМВРИ“ во Скопје. Во моментов е раководител на Интерните одделенија во истата здравствена установа.

Д-р Танер Хасан е член во претседателството на Научното здружение на ендокринолози на Македонија и член на Европското здружение на ендокринолози, Европското здружение за дијабетес и Турското ендокринолошко здружение на Р.Турција.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Д-р Танер Хасан, доктор на медицински науки, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на наставник во наставно звање – насловен доцент за наставно-научната област физиологија и патофизиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од степенот на образованието, работното искуство, како и научноистражувачката работа, евидентна е способноста на д-р Танер Хасан да пристапува кон самостојни истражувања, да анализира и сублимира резултати. Преку ангажманите и сериозниот пристап кон работата, покажува еволутивен развој и стремеж кон подобрување на сопствените вештини, како и подготвеност да прифати работни задачи, предизвици и обврски.

Врз основа на приложениот материјал, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип да го избере д-р Танер Хасан во звање насловен доцент во наставно-научната област физиологија и патофизиологија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милка Клинчева,** претседател, с.р.
**Д-р Зоран Хаџиски,** член, с.р.
**Д-р Мире Спасов,** член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**Д-р Танер Хасан**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
| | | во земјава | во странство |
| | Научен труд објавен во списание со импакт фактор (прв автор, втор автор, останати автори)( 15/10/5)<br>труд под реден број 12 - останати автори | 5 | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)( 9/6/3)<br>прв автор:труд под реден број 7 и 8 (2 х 9 х 0,7 = 12.6)<br>останати автори: труд под реден број 6, 9,10, 11 и 12<br>(3 х 3 х 0,7=6,3) + (2 х 3 = 6) | 24,9 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>3 х 2 = 6 | 6 | |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир во странство (Лисабон 2019) | | 6 |
| 10 | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација<br>Интерна медицина – Анкара, Турција<br>Ендокринологија - Клиниката за ендокринологија на Медицинскиот факултет, Скопје | 6 | 6 |
| 14 | Учесник во научен проект „RISE DC" Португалија | | 3 |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | |
| | **ВКУПНО** | **72,9** | |
| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти): ( 2 Х 8 = 16 )<br>"Global Premix"<br>LPS15017<br>"MIRAGE NN9535-4976" | | 16 |
| 19 | Стручни награди и признанија | 4 | |
| 26 | Раководител на катедра/оддел/центар | 3 | |
| | **ВКУПНО** | **23** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **95,9** | |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ АКТИВНОСТА НА БОЛЕСТА, АВТОИМУНОСТА И БИОЛОШКИТЕ МАРКЕРИ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ХРОНИЧНА СПОНТАНА УРТИКАРИЈА", ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 0206-572/3, донесена на 21.9.2022 год., на 59. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ АКТИВНОСТА НА БОЛЕСТА, АВТОИМУНОСТА И БИОЛОШКИТЕ МАРКЕРИ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ХРОНИЧНА СПОНТАНА УРТИКАРИЈА", пријавена и изработена од кандидатката д-р Весна Трајкова, во состав:

– **проф. д-р Андреј Петров**, претседател,
– **проф. д-р Невенка Величкова**, член и интерен ментор,
– **проф. д-р Љубица Павлова**, член и екстерен ментор,
– **проф. д-р Сефедин Биљали**, член,
– **проф. д-р Милка Здравковска**, член.

Комисијата во горенаведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Анализа на трудот**

Докторската дисертација која е пријавена и доставена од страна на кандидатката д-р Весна Трајкова претставува оригинален труд кој согласно со програмата на третиот циклус на студии на студиската програма Базични и клинички науки е напишана на 200 страници, А4 формат, со вкупно 59 табели, 63 слики и 111 литературни цитати. Содржината во трудот опфаќа 8 поглавја, организирани по следниот редослед: *Вовед, Мотив на истражувањето, Цел на истражувањето, Материјал и методи, Резултати и дискусија, Заклучок и Користена литература.* Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација.

Во *Воведниот дел* од трудот кандидатката д-р Весна Трајкова го објаснува основниот мотив за ова истражување, недвосмислено ги наметнува целите на истражувањето и ја објаснува општествената и научната оправданост за изработка на оваа тема. Докторандот д-р Трајкова елоквентно ги евалуира и цитира досегашните истражувања и публикации поврзани со корелацијата помеѓу активноста на болеста, автоимуноста и биолошките маркери кај пациентите со хронична спонтана уртикарија (ХСУ). Освен на досегашниот литературен преглед поврзан со темата, д-р Трајкова основниот концепт на истражувањето го базира и на своето клиничко искуство и на медицина базирана на докази. Најнапред ја дефинира уртикаријата како IgE медитирана тип I хиперсензитивна реакција посредувана од антитела и Т-клетки кои резултираат со активација на мастоцити, дермален едем (како последица на дилатацијата на крвните садови), го дефинира главниот медијатор одговорен за уртикаријата а тоа е хистаминот. Во овој дел ги дефинира и главните тригер фактори за појава на уртикаријата (лекови, храна, убод од инсект, инфекции) и ја класифицира истата според хроничноста, односно должината на траење на болеста. Детално ја објаснува ХСУ, нејзината етиологија, патофизиологија, епидемиологија, хистопатологија како и клиничка слика. Исто така, во овој дел д-р Трајкова детално ги објаснува термините биолошки маркери, како клинички објективни параметри кои имаат влијание или со кои може да се предвиди инциденцата или исходот на одредена болест, со

посебен осврт на нивните механизми на активација на ХСУ, кои се исклучително важни во идентификацијата на тежината на болеста и одговорот на терапијата. Знаејќи дека во 40% од случаите на ХСУ, автоимуноста се смета дека е инволвирана во нејзината патогенеза, д-р Трајкова детално ја објаснува истата и дава посебен осврт на тироидните антитела, како најчестите лабораториски наоди за ХСУ. Со самиот факт што биолошките маркери се посебно одговорни за активноста, односно тежината на болеста а критериумите за автоимуноста кај ХСУ сè уште се предмет на дебата, ја прави студијата (истражувањето) особено сеопфатна и интересна за стручната и научна јавност.

Докторандот во овој дел од докторатот дава детално објаснување на сите вклучени биолошки маркери кои ќе бидат обработени во докторската дисертација: *Leukocytes, Neutophilis, Lymphocytes, Monocytes, Eosinophils, Basophils, Platetets, Mean platent volume*, нивото на тотални *IgE* антитела во серумот, антитела против тиреопероксидаза (*Anti-TPO*), нивото на антинуклеарни антитела (*ANA*), ревма фактор (*RF*) во серумот, нивото на C- реактивен протеин (*CRP*) во серумот, компонентите на комплементот (*C3, C4*), нивото на *D-Dimer* -во плазма и нивото на *Vit D* во крвта.

Исто така, д-р Трајкова детално ги објаснува:

- влијанието на возраста, полот и коморбидитетите врз тежината на болеста, одговорот на терапијата како и ремисијата кај пациенти со ХСУ, како и
- автологниот скин серум тест (ASST) како интрадермален тест за испитување на автоимуноста и детекција на циркулирачките автоантитела кај ХСУ. Посебно се осврнува на неговата сензитивност и специфичност. На тој начин, кандидатката индиректно ги најавува и целите на трудот.

Во делот *Цели на студијата*, д-р Весна Трајкова ги дефинира сите детали и потцели во прилог на самата докторска дисертација. Студијата ја базира на сеопфатна и детална корелација помеѓу:

- биолошките маркери кај пациентите со ХСУ и контролната група на здрави испитаници;
- разликите кај пациентите со ХСУ и контролната група на здрави испитаници во однос на следните клинички маркери: возраст, пол, лична историја за атопија, фамилијарна историја за атопија, лична историја за автоимуна болест, фамилијарна историја за автоимуна болест, лична историја за астма, фамилијарна историја за астма, лична историја за алериски ринитис, фамилијарна историја за алергиски ринитис, придружни неавтоимуни болести, редовна (друга) терапија;
- клиничките и биолошките маркери кај пациентите со ХСУ;
- клиничките и биолошките маркери и нивна асоцијација со активноста на болеста;
- клиничките и биолошките маркери и нивна асоцијација со резистенцијата на H1-антихистаминиците;
- клиничките и биолошките маркери и нивна асоцијација со автоимуноста;
- клиничките и биолошките маркери и нивна асоцијација со автологниот скин серум тест (ASST) кај пациентите со ХСУ;
- траењето на болеста кај пациентите со ХСУ со следните клинички маркери: возраст, пол, траење на болеста (месеци), дермографизам, ангиоедема, лична историја за атопија, фамилијарна историја за атопија, лична историја за автоимуна болест, фамилијарна историја за автоимуна болест, лична историја за астма, фамилијарна историја за астма, лична историја за алергиски ринитис, фамилијарна историја за алергиски ринитис, придружни неавтоимуни болести, редовна (друга) терапија;

Во делот *Материјал и методи*, д-р Трајкова го објаснува дизајнот на студијата. Се работи за студија која има проспективен карактер во која се вклучени 230 пациенти со ХСУ, како и контролна група од 130 здрави испитаници. Пациентите со ХСУ како и контролната група од здрави испитаници се селектирани во амбулантата за дерматологија во ГОБ „8ми Септември“ Скопје. Она што е посебно важно како и за секоја друга

студија која вклучува хумана популација, е дека сите испитаници вклучени во студијата претходно добиваат формулар за информираност на студијата, во која им е објаснета постапката, целите на студијата како и нивниот придонес во истата. Сите доброволно потпишаа Изјава во која се согласуваат да учествуваат во студијата. При тоа во студијата е почитуван Законот за заштита на личните податоци како и Правилникот на Комитетот за етички прашања на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип. Во овој дел детално е објаснет протоколот на работа кој предвидува селекција на пациенти и собирање на клинички податоци. Кај пациентите со ХСУ се забележани текот на болеста, историјата на болеста, вклучувајќи ја и личната анамнеза (возраст, пол), како и историја на лична и/или фамилијарна атопија (астма, атописки дерматит или алергичен ринит), автоимуните болести доколку ги имаат, како и претходните и тековните терапии за ХСУ. Користена е стандардизирана алатка за мерење на активноста на болеста Weekly Urticaria Activity Score (UAS7), нотиран е терапискиот одговор на антихистаминици, времетраењето на болеста, рекурентни епизоди со ХСУ кои се дефинирани како повторна појава на симптоми по најмалку 6 месеци од спонтаната ремисија. Во делот селекција на пациенти, јасно се прецизирани:

– инклузионите критериуми кои вклучуваат пациенти постари од 18 години и со поставена дијагноза ХСУ потврдена од дерматолог според меѓународните протоколи (*International Guideline 2013*), што значи вклучени се пациенти со активна ХСУ,
– екслузионите критериуми (пациенти со хронична индуктибилна уртикарија или брадикардин медитирана ангиоедема кои не се вклучени во студијата).

Во поглавјето *Резултати* д-р Весна Трајкова систематски ги презентира резултатите од истражувањето сумирајќи ги најпрво според поставените работни хипотези и однапред утврдени цели на трудот.

1. Меѓу пациентите со автоимуна болест најзастапени се: *Hashimoto Tireoiditis* (28.7%), *Vitiligo* (8.7%), *Arthritis Rheumatica* (6.09%), *Morbus Crohn* (3.48%), *Hashimoto Tireoiditis + Vitiligo* (4.35%). Пациентите со ХСУ за разлика од здравите испитаници имаат позитивна фамилијарна историја за атопија, фамилијарна историја за автоимуна болест, лична и фамилијарна историја за астма, лична и фамилијарна историја за алергиски ринитис ($p<0.0001$). Во групата со ХСУ, 120 (52.17%) пациенти имаа придружни хронични неавтоимуни болести, а 29.13 % имале назначено друга терапија.
2. Пациентите со ХСУ имаа сигнификантно повисоки вредности на *D-dimeri*, споредено со здравите испитаници ($p<0.0001$), како и зголемен број на леукоцити ($p=0.000004$), неутрофили ($p=0.000009$), тромбоцити ($p=0.00033$), повисоки вредности на CRP ($p<0.0001$), *Anti TPO* ($p<0.0001$), RF ($p=0.000001$), ANA (28.7% vs 0%,$p<0.0001$), *IgE* ($p<0.0001$) и C4 ($p<0.0001$), но намален број на моноцити ($p<0.0001$) и базофили (59.13% vs 0%), витамин D ($p<0.0001$) и C3 ($p=0.0039$), а статистички незначајни различни вредности на еозинофили ($p=0.71$).
3. Во однос на клиничките маркери асоцирани со стандардизираната алатка за мерење на активноста на болеста, UAS7 (*Weekly Urticaria Activity Score*), кај пациентите со тешка клиничка слика почесто беа застапени женски пациенти ($p=0.0034$) кај кои е дијагностициран ангиоедем ($p=0.026$), и астма ($p=0.0017$) со статистички сигнификатна разлика помеѓу пациентите со тешка и средно тешка форма на болеста.
4. Во однос на биолошките биомаркери, асоцирани со стандардизираната алатка за мерење на активноста на болеста, UAS7 (*Weekly Urticaria Activity Score*) пациентите со тешка клиничка слика на ХСУ имаа сигнификантно повисоки вредности на *D-dimeri* споредено со пациентите со средно тешка клиничка слика, лесна клиничка слика ($p<0.0001$). Зголемен број на тромбоцити е потврдено кај пациентите со тешка клиничка слика на болеста споредено со пациентите со лесна форма на болеста ($p=0.026$). Пациентите со тешка клиничка слика имаа сигнификантно повисоки

вредности на *CRP* од пациентите од останатите групи (p<0.0001). Постои статистички значајна разлика во вредностите на *Anti TPO* меѓу пациентите со тешка и средно тешка клиничка слика (p=0.024). Вредностите на витамин D (p=0.76) како и на C3 и C4 комплементот (p=0.11 и p=0.22, соодветно) не покажаа статистички значајни разлики со степенот на активност на ХСУ, односно тежината на клиничката слика.

5. Во однос на испитуваниот одговор на H1- антихистаминици кај пациенти со ХСУ терапискиот одговор на H1-антихистаминици не беше сигнификантно асоциран со појавата на дермографизам (p=0.73), ангиоедем (p=0.55) и периоди на рекурентни епизоди (p=0.65). Кај пациентите со тераписки одговор на H1-антихистаминици и пациентите без тераписки одговор на H1-антихистаминици бројот на еозинофили беа на граница на сигнификантност (p=0.051), *CRP* имаше несигнификантно повисоки вредности (median=32 mg/l vs 21 mg/l, p=0.14), исто како и *Anti TPO* (median=45 U/ml, p=0.53). Пациентите со тераписки одговор на H1-антихистаминици и без тераписки одговор на H1-антихистаминици не се разликуваа сигнификантно во однос на вредностите на *IgE* (median=77 IU/ml и 75 IU/ml, соодветно; p=0.63), *RF* (median=5 IU/ml; p=0.637), Витамин D (median=73 nmol/l и 75 nmol/l, соодветно; p=0.996), C3 комплементот (median=0.9 g/l и 1.3 g/l, соодветно; p=0.38) и C4 комплементот (median=0.7 g/l; p=0.55). Присуството на позитивен автоимун статус кај пациентите со ХСУ не беше сигнификантно асоциран со терапискиот одговор на H1- антихистаминици (p=0.94).
6. Позитивен автоимун статус е потврден кај 145 (40.28%) пациенти со ХСУ и кај нив многу почесто е дијагностицирана појавата на ангиоедем во споредба со пациентите со негативен автоимун статус (75.17% vs 61.18%). Кај пациентите со позитивен автоимун статус сигнификантна е појавата на одредено автоимуно заболување (75.17% vs 10.59%; p<0.0001) како и лична историја за астма (61.38% vs 44.71%; p=0.014). Позитивен ASST тест е детектиран кај 86.9% од пациентите со ХСУ и тоа многу повеќе кај пациентите со позитивен автоимун статус (p<0.0.0001).
7. Статистичката обработка на резултатите за биолошките маркери кај пациентите со ХСУ во однос на автоимуниот статус покажува дека пациентите со позитивен автоимун статус, во споредба со пациентите со негативен автоимун статус имаат покачени серумски нивоа на D-dimeri (84.14% vs 69.41%; p=0.0085), зголемен број на тромбоцити (median 643 103/nL vs 84 103/nL; p<0.00010), како и покачени вредности на *CRP*, но без статистичка потврдена сигнификантност меѓу нив (median 32 mg/l vs 23 mg/l; p=0.083). Пациентите со позитивен автоимун статус имаа помал број на моноцити од пациентите со негативен автоимун статус (p<0.0001), како и пониски вредности на *IgE* (p<0.0001).
8. Во однос на клиничките маркери кај ХСУ асоцирани со ASST, пациентите со позитивен ASST тест во споредба со пациентите со негативен ASST тест имаат позитивна лична и фамилијарна историја за автоимуна болест (p<0.0001 и p=0.0003, соодветно); како и астма (60.71% и 46.67%;p=0.036); Позитивен автоимун статус беше регистриран многу повеќе во групата на пациентите со позитивен ASST тест во споредба со пациентите со негативен ASST тест (90% vs 21.11%; p<0.0001).
9. Пациентите со позитивен ASST тест имаат сигнификантно повисоки вредности на *D-dimeri*, споредено со пациентите со негативен тест (p=0.048). Бројот на тромбоцити е повисок кај 81.43% од пациентите со позитивен и 15.56% од пациенти со негативен ASST тест. *CRP* имаше повисоки вредности кај пациентите со позитивен *ASST* тест споредено со пациентите со негативен тест, но без статистичка потврдена сигнификантност меѓу нив (median 33 mg/l vs 22.5 mg/l; p=0.1). Пациентите со позитивен *ASST* тест имаа сигнификантно пониски вредности на *IgE* од пациентите со негативен тест (p<0.0001).

10. Резултатите од истражувањето покажуваат дека полот на пациентите со ХСУ нема влијание на времетраењето на болеста (p=0.59), Помеѓу возраста и должината на траење на болеста се потврди позитивна статистички сигнификантна корелација (r=0.322 p<0.0001). Овој резултат сугерира на заклучокот дека постарите пациенти со ХСУ имаат подолго времетраење на болеста, и обратно. Траењето на болеста е подолго кај пациентите со дермографизам наспроти оние без дермографизам (p=0.022), и кај пациентите со ангиоедем наспроти оние без ангиоедем (p=0.000012). Исто така, неавтоимуните коморбидитети сигнификантно ја продолжуваат должината на траењето на ХСУ (p=0.000197), а должината на траење на ХСУ е продолжена и кај пациентите кои примаат редовно и друга терапија (p<0.0001).

Во поглавјето *Дискусија*, кое се надоврзува на резултатите во докторската дисертација, кандидатката симплифицирано и во континуитет ги компарира добиените вредности и заклучоци со сознанијата од литературните истражувања споредувајќи ги детално.

Во последното поглавје *Заклучоци* детално се презентирани и сумирани сите елементи на истражувањето, согласно со поставените и детерминирани цели и претходно нотираните резултати од студијата.

На крајот, следуваат библиографските податоци, вкупно 111 по број, во поглавјето *Литература*.

**2. Научен придонес**

Врз база на статистички обработените и прикажани резултати од истражувањето во оваа докторска дисертација, кандидатката д-р Весна Трајкова ги дефинира следниве препораки кои се следуваат т.е .се резултат на претходно споменатите заклучоци:

– воведување на задолжителен скрининг во однос на мерење на одредени биолошки маркери кај пациентите со ХСУ (*Leukocytes, Neutophilis, Lymphocytes* , *Monocytes* , *Eosinophils* , *Basophils* , *Platetets* , *Mean platent volume, CRP*, *IgE* компонентите на комплементот C3 и C4 и *D-dimeri*), како и класификација на ХСУ според активноста на болеста и предвидување на времетраењето на болеста и текот на понатамошната терапија.
– задолжително класифицирање на пациентите со ХСУ според нивниот автоимун статус (потврдено присуство на автоимуна болест и/или присуство на позитивен наод на барем еден од следните биомаркери: *Anti-TPO, ANA* и *RF* со цел откривање и лекување на други автоимуни болести, можност за предикција на траењето на ХСУ и како и за понатамошен тераписки пристап.
– задолжително воведување на автологен скин серум тест (ASST тест), кој дополнително ќе помогне во потврдување на автоимуниот статус кај пациентите со ХСУ. По секој позитивен ASST тест да се воведе задолжително започнување на автохемотерапија, која го модулира имуниот одговор на автологните антигени коишто се вклучени во ослободувањето на проинфламаторните клети од мастоцитите и базофилите.

Докторската дисертација е работена според Правилникот на трет циклус на студии и во неа постои конзистентност на деловите во рамките на целината. Добиените резултати статистички се обработени и презентирани на ефективен, концизен и разбирлив начин. Заклучоците се конкретни и самите по себе можат да бидат мотив за понатамошни истражувања и претклинички и клинички студии.

**3. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатката пред одбраната на докторската дисертација ги објавила следните рецензирани научни трудови:

**Trajkova, Vesna** and Velickova, Nevenka and Breshkovska, Hristina (2022) *ASST and autoimmunity in patients with chronic spontaneous urticaria.* Medicus, International Journal of Medical Sciences of the Association of the Albanian Doctors from Macedonia, 27 (1). pp. 32-38. ISSN 1409-6366 https://eprints.ugd.edu.mk/29719/

**Trajkova, Vesna** and Velickova, Nevenka and Breshkovska, Hristina (2021) *Improvement of Chronic Spontaneous Urticaria with Levothyroxine and Autohemotherapy (A case report).* Medicus, 26 (2). pp. 257-260. ISSN 1409-6366
https://eprints.ugd.edu.mk/28535/

**Trajkova, V**., & Velickova, N. (2022). *Association of autoimmune status with asst, autoimmune and atopic diseases in csu patients.* MEDIS – International Journal of Medical Sciences and Research, 1(3), 55–59. https://doi.org/10.35120/medisij010355t

**Trajkova, V.,** Velickova, N., Dimitrovska, I. Evaluation of autoimmune status in patients with chronic urticaria, VII Конгрес на дерматолозите со меѓународно учество, 28.09-02.09. 2022

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Корелација помеѓу активноста на болеста, автоимуноста и биолошките маркери кај пациентите со хронична спонтана уртикарија“ и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација. Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Корелација помеѓу активноста на болеста, автоимуноста и биолошките маркери кај пациентите со хронична спонтана уртикарија“, пријавена и изработена од кандидатот д-р Весна Трајкова и да и одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Андреј Петров,**
Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, **претседател, с.р.**
**Проф. д-р Невенка Величкова,**
Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, **член и интерен ментор, с.р.**
**Проф. д-р Љубица Павлова,**
Медицински факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, **член и екстерен ментор, с.р.**
**Проф. д-р Сефедин Биљали,**
Факултет за медицински науки,
Универзитет во Тетово, **член, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска,**
Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, **член, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „DIDATTICA DELLA LINGUA ITALIANA 2 (МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК 2)“ – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА ОД АВТОР ДОЦ. Д-Р ВЕСНА КОЦЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-110/13 од 250. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет одржана на ден 22.6.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **доцент д-р Надица Негриевска,** Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,
– **доцент д-р Јована Караникиќ-Јосимовска,** Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„DIDATTICA DELLA LINGUA ITALIANA 2 (МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК 2)“ – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА** од **доцент д-р Весна Коцева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Didattica della lingua italiana 2 (Методика на наставата по италијански јазик 2)“ – рецензирана скрипта од автор доцент д-р Весна Коцева е пишуван според Наставниот план и програма за предметот Методика на наставата по италијански јазик 2. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на Студиската програма по италијански јазик и книжевност, наставна насока, на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во трета година, шести семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1 и 6 ЕКТС. Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и во најголем обем ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Изборот на содржината на материјалот во оваа скрипта претставува сигурна основа за добра подготовка и вовед за успешна наставна пракса. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на ова учебно помагало во вид на скрипта по предметот Методика на наставата по италијански јазик 2, е претставена во текст од вкупно 67 страници, надополнета со 6 слики, структурирана во три глави и повеќе од 140 литературни извори кои се користени во подготовката на материјалот. Учебното помагало е пишувано на италијански јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и е во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Методика на наставата по италијански јазик 2.

Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Методика на наставата по италијански јазик 2 на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип досега не е објавена. Содржината претставена во ова учебно помагало, помалку или повеќе, е застапена и во некои други учебни помагала од областа на методиката на наставата по странски јазик, објавени на италијански јазик и на англиски јазик, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата, скриптата е индивидуална творба.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на јасен и разбирлив италијански јазик, прифатлив за студентите коишто следат настава по предметот Методика на наставата по италијански јазик 2. Текстот на скриптата се состои од вовед и три глави.

Во *воведот* накратко се претставува структурата на ракописот. Авторката зборува за една од најчестите дилеми во методиката на наставата по странски јазик, а тоа е дали граматиката треба да се предава на експлицитен или на имплицитен начин и дали возрасните можат да научат еден јазик преку примена на истите имплицитни механизми кои ги користи детето за да го научи мајчиниот јазик. Потоа кратко ја претставува теоријата на Ван Патен.

Првата глава *Rasegna delle teorie dell'acquisizione e/o dell'apprendimento della lingua straniera (Преглед на теориите за усвојување и/или учење на странскиот јазик)* е посветена на теориите за усвојување и/или учење на странскиот јазик. Најпрво се објаснува разликата помеѓу термините *мајчин јазик, странски јазик, втор јазик* и *меѓујазик*, а потоа се согледува различното толкување на термините *учење* и *усвојување* на јазикот преку психолошките и лингвистичките правци кои ги идентификуваат и ги дефинираат овие термини. Во оваа глава се посветуваат повеќе страници на теоријата на Крешен за усвојувањето и учењето на јазикот, односно детално се опишуваат хипотезите врз чија основа Крешен ги воспоставува принципите на усвојување на странскиот јазик, односно хипотезата на учење/усвојување, хипотезата на монитор, хипотезата на природен редослед, хипотезата на инпут и хипотезата на афективен филтер.

Во втората глава *Apprendimento esplicito ed implicito della lingua straniera (Експлицитно и имплицитно учење на странскиот јазик)* прво се посветува внимание на објаснувањето на разликата меѓу имплицитното и експлицитното знаење, учење и настава, а потоа се дискутира за поврзаноста меѓу експлицитното и имплицитното знаење и за видовите на експлицитна и имплицитна настава. На крајот се прикажуваат мал број од истражувањата кои се спроведени во оваа област, резултатите од нив, како и ставовите на лингвистите во врска со оваа тема.

Во третата глава *Input processing e l'approccio Processing Instruction: imparare a processare la lingua straniera* (*Обработка на инпут и пристапот Поучување граматика со обработка на инпут: да се научи да се процесира странскиот јазик)* најпрво, преку селектирање на, според авторката, најзначајните дефиниции, хронолошки се разгледува употребата и дефинирањето на термините *инпут, интејк* и *аутпут*. Потоа се дискутира за теоријата за обработка на инпут на Ван Патен и детално се опишува неговиот пристап за поучување граматика на некој странски јазик преку претставување на принципите на овој пристап. Во продолжение се дава опис на карактеристиките на овој тип настава и се посочуваат упатствата кои треба да се почитуваат со цел да се креираат активности со структуриран инпут. Потоа се наведуваат видовите на активности со структуриран инпут. Оваа глава се завршува со дискусија за улогата на активностите со структуриран инпут и за експлицитните објаснувања во поучувањето граматика со обработка на инпут и се наведуваат позначајните студии во оваа област.

На крајот е прикажана користената литература, односно е наведен список на целокупната консултирана литература за потребите на овој ракопис. Оваа литература претставува и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги продлабочат своите знаења од оваа област.

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Didattica della lingua italiana 2 (Методика на наставата по италијански јазик 2)" – рецензирана скрипта од доцент д-р Весна Коцева, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидена за предметот Методика на наставата по италијански јазик 2 на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, пристапот кон проблематиката и начинот на којшто е изложена материјата обезбедуваат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ракописот со наслов „Didattica della lingua italiana 2 (Методика на наставата по италијански јазик 2)" – рецензирана скрипта од доцент д-р Весна Коцева да го прифати за објавување како рецензирана електронска скрипта.**

**Рецензенти**

**Д-р Надица Негриевска,** доцент, с.р.
**Д-р Јована Караникиќ-Јосимовска,** доцент, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА УЧЕБНИК „ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА”**
**ОД ПРОФ. Д-Р ЈАДРАНКА ДЕНКОВА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-130/6, заверена 15.9.2022 година, донесена на 229. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на ден 13.9.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Јован Ананиев,** редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,
- **д-р Страшко Стојановски,** редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија, на приложениот ракопис **„ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА”** од проф. д-р Јадранка Денкова, редовен професор, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Најпрво како Рецензентска комисија сакаме да го истакнеме нашето задоволство за искажаната доверба да го рецензираме учебникот „Јавна администрација“, наменет за студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, напишан од предметниот редовен професор д-р Јадранка Денкова. Предметот Јавна администрација е акредитиран на студиската програма Правни студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Предметот е изборен и се слуша во втора година во III семестар, со фонд на часови е 2+1+1 со 4 кредити. Учебникот е изработен во согласност со предложената наставна програма по истоимениот предмет и истиот ќе овозможи студентите да се стекнат со потребното теоретско и практично знаење поврзано со јавната администрација. Целта на овој учебник е да даде опфат на сите сегменти што се значајни за јавната администрација, кои на јасен и практичен начин ќе им ја приближат на студентите улогата и значењето на оваа управна дисциплина како нераскинлив дел од целокупниот правен систем. Така, целта на учебникот е студентите да се стекнат со основни познавања за јавната администрација, како и улогата и значењето на јавната администрација во остварувањето на функциите на државата. Акцентот на учебникот е да се претстави теоретскиот пристап, значењето, развојот на науката за јавната администрација, како и функцијата на администрацијата. Авторот прави анализа на јавната администрација во европските земји за сите значајни сегменти од службеничкиот систем и управувањето со човечките ресурси во администрацијата. Авторката продлабочено се осврнува на службеничкиот систем, анализирајќи ги сите прашања поврзани со вработувањето на администрацијата, наградувањето, напредувањето, оценувањето на администрацијата, дисциплинската и материјалната одговорност. Објаснети се и принципите на работење на администрацијата во европските земји чиишто правила се унифицирани во Европскиот кодекс за добро административно однесување. Учебникот опфаќа содржини поврзани со новите пристапи на управување и организирање на администрацијата. Содржината во учебникот има поставено јасна цел студентите да го разберат значењето на јавната администрација, комуникацијата во јавната администрација, предметот, моделите на јавната администрација, а особено

начинот на функционирање на администрацијата, за да можат како идни граѓани и вработени лица да се вклучат во процесите на функционирањето на административните органи, како идни административни службеници. Особено придонесот за студентите е во осознавање на прашањата кои се однесуваат на ефикасноста на јавната администрација, преку воведување на електронски систем на комуникација, новиот јавен менаџмент и системот за управување со квалитет насочени кон задоволување на потребите на граѓаните на брз и ефикасен начин. Учебникот се осврнува и на начините и формите на одлучување, а особено внимание авторот посветува на реформата на администрацијата, задржувајќи се на сите значајни прашања што се однесуваат на реформирање и организирање на администрацијата во Република Северна Македонија. Значајно е да се истакне дека авторот дава примери и обрасци релевантни за осознавање на функционирањето на администрацијата.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот „Јавна администрација“ е во обем од 230 страници во А4 формат, со што обемот и содржината ги задоволуваат барањата за соодветност на содржината во согласност со бројот на часовите предвидени за овој предмет. Скриптата е изработена во согласност со правилата предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник јавна администрација е објавуван на други универзитети, разликата е што во овој учебник се внесени сите промени што се настанати во развојот и унапредувањето на администрацијата преку воспоставување на нови пристапи на функционирањето на јавната администрација. Во учебникот се консултирани и досегашните искуства објавени во други учебници од јавна администрација што го подобрува неговиот квалитет да даде значаен придонес во образовната програма поврзана со здобивање теоретско и практично знаење за наставната програма по јавна администрација.

**Краток опис на содржината:** Содржината во учебникот претставува оригинално дело што се заснова на многубројни научни истражувања и пристапи, соодветни практични примери, законски, подзаконски акти и други документи, компаративни искуства, како и други информации и показатели релевантни за поопсежно презентирање на јавната администрација. Учебникот јавна администрација го сочинуваат девет поглавја. Во првото поглавје се содржани три целини кои ја опфаќаат анализата на поимот јавна администрација, дефинирањето на јавната администрација, јавната администрација како научна дисциплина, јавната администрација и другите науки, јавната администрација како посебна научна дисциплина, моделите на јавната администрација и новата јавна администрација. Во второто поглавје се содржани три дела во кои се опфатени организацискиот и функционалниот поим на администрацијата, видовите на функции на јавната администрација и организацијата на администрацијата во европските земји. Третото поглавје содржи седум целини и истите се однесуваат на службеничкиот систем, принципите на службеничкиот систем, вработувањето на администрацијата, унапредување на административните службеници, стручно усовршување на административните службеници, управување со учинокот на административните службеници, процесот на оценувањето на администрацијата, општи начела на вработените во јавниот сектор и принципите за вработените во јавниот сектор. Во четвртото поглавје е содржана една целина каде што се анализираат дисциплинската и материјалната одговорност, постапката за дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници во Македонија, како и заштита на правата на административните службеници (Второстепена постапка). Во петтото поглавје има два дела кои ги анализираат менаџирањето со човечките

ресурси во администрацијата во европските земји и принципите на администрацијата во европскиот административен простор. Во шестото поглавје се содржани три целини кои го опфаќаат управувањето со квалитетот во јавниот сектор, електронскиот систем на документирање и новиот јавен менаџмент како нови форми на управување во јавниот сектор. Седмото поглавје опфаќа една целина која се однесува на комуникацијата во јавната администрација, формите на комуникација и комуникацискиот систем. Во осмото поглавје се анализира одлучувањето во државните органи, формите и начините на одлучување, подетално е образложен состанокот како најзастапена форма на одлучување во јавниот и државниот сектор. Во деветтото поглавје е содржана една целина која се однесува на стратегијата и реформата на јавната администрација, анализирана е и најновата стратегија на Владата на Република Северна Македонија. Во учебникот се содржани примери кои се однесуваат на службеничкиот систем, одговорноста, моделите на администрацијата и управувањето со квалитет во администрацијата.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија го дава следниов

**З А К Л У Ч О К**

Учебникот „Јавна администрација", од редовен проф. д-р Јадранка Денкова, претставува самостојно дело што ги задоволува критериумите за учебно помагало со теоретски и практичен приказ што ќе овозможи на студентите на јасен начин да се стекнат со знаење од областа на јавната администрација. Цениме дека учебникот ќе даде придонес во процесот на образованието во Република Северна Македонија, поради опфатноста на стручни и научни сегменти поврзани со јавната администрација. Затоа имаме чест позитивно да го оцениме предложениот учебник „Јавна администрација" од редовен проф. д-р Јадранка Денкова и предлагаме **Наставно-научниот совет да ја прифати рецензијата за учебникот и да продолжи понатамошната постапка за негово објавување.**

**Рецензенти**

**Д-р Јован Ананиев,** редовен професор, с.р.
**Д-р Страшко Стојановски,** редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „МАКЕДОНСКА НАРОДНА КНИЖЕВНОСТ“ – ПРАКТИКУМ ОД ДОЦ. Д-Р АНА ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-110/15 од 250. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 22.6.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ,** редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје,
– **д-р Ермис Лафазановски,** научен советник/редовен професор во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МАКЕДОНСКА НАРОДНА КНИЖЕВНОСТ” – ПРАКТИКУМ“** од **доц. д-р Ана Витанова-Рингачева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Ракописот од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева со наслов „Македонска народна književност“ – практикум, понуден како наставен прирачник за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, се однесува на предметот Македонска народна книжевност, кој студентите на Катедрата за македонски јазик и книжевност го слушаат како задолжителен предмет во првиот семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1. Понудениот ракопис од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева целосно е во согласност со Предметната програма по предметот Македонска народна книжевност, според која е структурирана наставната материја во овој ракопис. Содржините во овој ракопис се прегледно и јасно поставени и претставуваат неопходен материјал за совладување на знаењата од предметот Македонска народна книжевност.

Ракописот „Македонска народна книжевност“ - практикум од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева содржи 140 страници, А4 формат, структуриран во четири дела и прегледно претставени библиографски единици. Истиот содржи примери на текстови, модели, табели и графички решенија коишто се во согласност со барањата на Предметната програма по Македонска народна книжевност. Содржината на практикумот ја следи и поддржува концепцијата на рецензираната скрипта „Македонска народна книжевност“ и заедно се во функција на наставни помагала за студентите од прва година на прв циклус студии. Практикумот е конципиран во форма на прирачна литература, која е во функција на практична проверка на знаењата, што треба да останат трајни и применливи во пракса. Сложените содржини од Предметната програма се објаснети на едноставен и лесно приемчив начин, а преку примери на текстови, студентите добиваат материјал за апликација на теоретски стекнатите знаења.

Содржината на ракописот „Македонска народна книжевност“ – практикум е систематизирана во четири дела: а) прв дел: *Апликации – анализа и интерпретација на фолклорна граѓа;* б) втор дел: *Особености и класификација на народната книжевност (проверка)*; в) трет дел: *Колоквиумски прашања* и г) четврт дел: *Прилози*

Првиот дел со наслов ***Апликации – анализа и интерпретација на фолклорна граѓа*** претставува аналитичко-интерпретативен пристап кон теми од македонската

народна книжевност и ги содржи следните текстови: *Народната песна од Струмица и Струмичко - ризница на автохтониот јазичен израз (врз примери на љубовни песни и балади)*; *Универзалниот модел на волшебната приказна*; *Семантичкиот поттекст на локалната сказна во дослух со универзалниот модел на сказноликата матрица* и *Зборови си одат, но писмото останува.* Во овие текстови е даден еден од можните пристапи кон фолклористичко-етнографскиот материјал собран и запишан од собирачите на македонското народно творештво. Народната песна, волшебната сказна, како и кратките фолклорни жанрови изобилуваат со богатство од мотиви на кои може да им се пристапи од антрополошки, социо-антрополошки, психоаналитички, културолошки и други аспекти.

Вториот дел ***Особености и класификација на народната книжевност (проверка)*** од овој наставен прирачник содржи конкретни прашања и задачи поврзани со генезата на фолклорот, појавата на народната книжевност, нејзина класификација и жанровска поделба, нејзините особености, теории за потеклото на сказните, како и прашања поврзани со собирачката дејност на најголемите македонски и странски собирачи на македонското народно творештво, како и современите собирачи денес.

Во третиот дел ***Колоквиумски прашања*** се приложени 80 колоквиумски прашања во кои се опфатени сите методски единици од Предметната програма за курсот Македонска народна книжевност. Целта на вака поставените прашања и задачи е да ги поттикне студентите на сериозен и длабински пристап кон материјата и нејзино полесно совладување.

Четвртиот дел насловен ***Прилози*** содржи фолклористичка граѓа која ќе им послужи на студентите како апликативен материјал врз кој ќе можат да ги проверат веќе стекнатите знаења по предметот Македонска народна книжевност.

На крајот, покрај биографијата на доц. д-р Ана Витанова-Рингачева е приложена и богата библиографија на референци (кирилични и латинични) коишто авторката ги консултира при изработка на ракописот „Македонска народна книжевност“ – практикум.

Трудот е напишан на стандарден македонски јазик со користење на кирилско писмо и е во согласност со основните методолошки барања за изработка на учебно помагало.

## ЗАКЛУЧОК

Трудот на доц. д-р Ана Витанова-Рингачева со наслов „Македонска народна книжевност“ - практикум понуден за објавување претставува солидно наставно помагало кое ќе им биде од голема полза на студентите. Овој Практикум како наставен прирачник претставува прилог кон скриптата „Македонска народна книжевност“, наменета за студентите од прва година на прв циклус студи, што ќе им овозможи на проверка на стекнатите знаења по предметот Македонска народна книжевност, но и нивно продлабочување и усовршување. Прегледната и прецизна елаборација на содржините, прашањата формулирани врз основа на критериумите за оценување и проверка на знаењата, како и апликативните материјали, го прават овој практикум лесен за користење од страна на студентите. Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на практикумот со наслов „Македонска народна книжевност“, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на доц. д-р Ана Витанова-Рингачева во целост ги исполнува основните критериуми за објавување. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како практикум по предметот Македонска народна книжевност.**

**Рецензенти**
**Д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ,** редовен професор, с.р.
**Д-р Ермис Лафазановски,** научен советник/редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „МАКЕДОНСКА НАРОДНА КНИЖЕВНОСТ“ – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА ОД ДОЦ. Д-Р АНА ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-110/16 од 250. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 22.6.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ,** редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
– **д-р Ермис Лафазановски,** научен советник/редовен професор во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МАКЕДОНСКА НАРОДНА КНИЖЕВНОСТ” – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА** од **доц. д-р Ана Витанова-Рингачева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева со наслов „Македонска народна книжевност“ – рецензирана скрипта, понуден како наставен прирачник за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се однесува на предметот Македонска народна книжевност, кој студентите на Катедрата за македонски јазик и книжевност го слушаат како задолжителен предмет во првиот семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1. Понудениот ракопис од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева целосно е во согласност со Предметната програма по предметот Македонска народна книжевност, според која е структурирана наставната материја во овој ракопис. Рецензираната скрипта „Македонска народна книжевност“ од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева содржи 150 страници, А4 формат, распределени во поглавја и потпоглавја во кои се елаборираат теми за природата и спецификите на македонското народно творештво. Содржината во скриптата е изложена и елаборирана во три поглавја.

Првото поглавје насловено ***Основни согледби – структура, класификација и карактеристики*** ги содржи основните насоки за разгледување на фолклорот како феномен, неговото значење во развојот на цивилизацијата и неговиот континуитет во времето. Народната книжевност како интегрален дел на фолклорот има свои особености по кои се разликува од уметничката литература. Во овој дел од ракописот детално се објаснети посочените карактеристики, на начин разбирлив и близок до студентите. Во однос на жанровските поделби и особености на народното творештво, во овој дел се приложени потпоглавјата: *1. Македонска народна поезија, 2. Македонска народна проза* и *3. Кратките народни жанрови.* Секој вид се разгранува во подвидови кои, преку примери и референци од најголемите истражувачи на македонскиот фолклор, детално се анализираат и објаснуваат. Авторката направила поедноставување и предочување на најзначајните карактеристики за секој жанр одделно. Очигледно, целта на ваквиот потфат е доближување на материјата до студентите и отворање можност за нејзино полесно совладување. Вториот дел насловен ***Собирачите и фолклорот*** е дел посветен на собирачите на македонското народно творештво, без чиј труд македонската фолклористика немаше да се реализира како една од најзначајните научни дисциплини. Авторката прави панорамски пресек на

најзначајните македонски, но и странски собирачи на македонското народно творештво, со посебен осврт кон современите собирачи. Со тоа студентите стекнуваат реална слика за влогот на собирачите како најцврстата алка на поврзување меѓу фолклорот и научните истражувања за него. Третиот дел насловен ***Апликации*** претставува посебна целина во која од научен аспект, со прецизна аналитичко-синтетичка експертиза, се елаборираат теми од фундаментално значење за македонската фолклористика. Авторката, преку научноистражувачкиот метод, прави детални анализи на мотиви и ликови застапени во фолклористички единици од струмичкиот регион и преку нив ја потенцира универзалноста на народната мисла. Книжевно-теоретскиот истражувачки пристап поткрепен со оригинален апликативен материјал (фолклористички и етнографски единици) им предочува на студентите едно длабинско промислување на фолклорот, кој е во најнепосредна врска со останатите научни дисциплини: антропологија, историја на религиите, психоанализа, културологија, компаративна митологија и сл. Тука се поместени четири текста: 1. *Сказната – меѓу книжевноста и животот;* 2. *„Смртта како кума“ – архаичен мотив во една волшебна приказна;* 3. *Арапот – архетип или споделена вредност во културната меморија на балканските народи* и 4. *Оставнината на Марко Цепенков низ призмата на шаманистичкиот модел (врз примери на сказни, верувања, преданија, легенди и песни).*

На крајот, покрај биографијата на доц. д-р Ана Витанова-Рингачева, приложена е и богата библиографија на референци (кирилични, латинични и електронски извори), коишто авторката ги консултира при изработка на ракописот „Македонска народна книжевност“ – рецензирана скрипта.

Трудот е напишан на стандарден македонски јазик со користење на кирилско писмо и е во согласност со основните методолошки барања за изработка на учебно помагало.

## ЗАКЛУЧОК

Трудот на доц. д-р Ана Витанова-Рингачева со наслов „Македонска народна книжевност“, понуден за објавување како рецензирана скрипта, претставува сериозен труд во кој се детектирани, анализирани и синтетизирани најсуштинските места во македонската народна книжевност. Авторката прави прецизна елаборација на најновите теориско-методолошки аспекти во приодот кон фолклорот воопшто и кон народната книжевност како негов интегрален дел. Со ваквиот пристап, на студентите во целост им се олеснува приодот кон теоретско-апликативниот материјал од предметот Македонска народна книжевност, кој во суштина е обемен и доста оптоварен. Апликативниот пристап на одбрани теми и сегменти од богатата фолклорна граѓа им предочува на студентите еден од можните начини за анализа на фолклористичкиот и етнографски материјал. Овој наставен прирачник претставува солидно помагало за стекнување со неопходните сознанија од теорија и историја на фолклорот, како и воочување на особеностите и значењето на македонското фолклорно богатство. Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на скриптата со наслов „Македонска народна книжевност“, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на доц. д-р Ана Витанова-Рингачева во целост ги исполнува основните критериуми за објавување. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како рецензирана скрипта по предметот Македонска народна книжевност.**

**Рецензенти**

**Д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ,** редовен професор, с.р.
**Д-р Ермис Лафазановски,** научен советник/редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „DIDATTICA DELLA LINGUA ITALIANA 2 – ESERCIZIARIO (ПРАКТИКУМ ПО МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК 2)“ ОД АВТОР ДОЦ. Д-Р ВЕСНА КОЦЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-110/14 од 250. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 22.6.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Надица Негриевска,** доцент, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,
– **д-р Јована Караникиќ-Јосимовска,** доцент, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Didattica della lingua italiana 2 – Eserciziario (Практикум по Методика на наставата по италијански јазик 2)“** од **доцент д-р Весна Коцева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Didattica della lingua italiana 2 – Eserciziario (Практикум по Методика на наставата по италијански јазик 2)“ од автор доцент д-р Весна Коцева е пишуван според Наставниот план и програма за предметот Методика на наставата по италијански јазик 2. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на Студиската програма по италијански јазик и книжевност, наставна насока, на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во трета година, шести семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1 и 6 ЕКТС. Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и во најголем обем ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Ракописот е наменет како дополнување на основната литература. Тој содржи прашања и активности кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и да ги усвојат содржините од скриптата, да формираат свои мислења и да донесуваат свои заклучоци.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на ова учебно помагало во вид на практикум по предметот Методика на наставата по италијански јазик 2, е претставена преку 218 прашања и активности на вкупно 52 страници. Учебното помагало е пишувано на италијански јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и е во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Методика на наставата по италијански јазик 2.

Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Методика на наставата по италијански

јазик 2 на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип досега не е објавен. Содржината, претставена преку прашања и активности, во ова учебно помагало, помалку или повеќе е застапена и во некои други учебни помагала од областа на методиката на наставата по странски јазик, објавени на италијански јазик и на англиски јазик, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата, практикумот е индивидуална творба.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на јасен и разбирлив италијански јазик, прифатлив за студентите коишто следат настава по предметот Методика на наставата по италијански јазик 2. Целта на практикумот е подетална разработка и примена на содржините од скриптата кои се од особена важност во едукацијата на идните наставници по италијански јазик во основното и средното образование. Ракописот содржи вежби и активности од различни видови: објаснување на соодветната терминологија, набројување примери заради илустрирање на одредени карактеристики, дополнување или давање на коментари на цитати, објаснување и дефинирање на одредени поими, класифицирање на одредени компоненти, илустрирање со цртеж на некои поими итн. Активностите во практикумот се поделени во три глави според содржината на истоимената скрипта.

Во првата глава *Rasegna delle teorie dell'acquisizione e/o dell'apprendimento della lingua straniera (Преглед на теориите за усвојување и/или учење на странскиот јазик)* прашањата и активностите се однесуваат на објаснување на теориите за усвојување и/или учење на странскиот јазик, на утврдување на разликата помеѓу термините *мајчин јазик, странски јазик, втор јазик* и *меѓујазик*, како и објаснување на различното толкување на термините *учење* и *усвојување* на јазикот преку психолошките и лингвистичките правци кои ги идентификуваат и ги дефинираат овие термини. Во оваа глава дел од активностите се однесуваат на утврдување на теоријата на Крешен за усвојувањето и учењето на јазикот, односно прашањата се однесуваат на хипотезите врз чија основа Крешен ги воспоставува принципите на усвојување на странскиот јазик, односно хипотезата на учење/усвојување, хипотезата на монитор, хипотезата на природен редослед, хипотезата на инпут и хипотезата на афективен филтер.

Во втората глава *Apprendimento esplicito ed implicito della lingua straniera (Експлицитно и имплицитно учење на странскиот јазик)* поставените прашања се однесуваат на утврдување на разликата меѓу имплицитното и експлицитното знаење, учење и настава, потоа следуваат задачи за идентификување на поврзаноста меѓу експлицитното и имплицитното знаење и за видовите на експлицитна и имплицитна настава. На крајот студентите имаат задача да објаснат дел од истражувањата кои се спроведени во оваа област, резултатите од нив, како и да знаат да ги претставаат ставовите на лингвистите во врска со оваа тема.

Третата глава *Input processing e l'approccio Processing Instruction: imparare a processare la lingua straniera* (*Обработка на инпут и пристапот Поучување граматика со обработка на инпут: да се научи да се процесира странскиот јазик)* содржи прашања кои се однесуваат на дефинирањето и утврдувањето на разликите меѓу термините *инпут, интејк* и *аутпут*. Потоа следуваат прашања во врска со теоријата за обработка на инпут на Ван Патен, неговиот пристап Processing Instruction, како и објаснување и препознавање на принципите на овој пристап. Во продолжение следуваат активности преку кои студентите треба да ги опишат карактеристиките на овој тип настава, упатствата кои треба да се почитуваат со цел да се креираат активности со структуриран инпут и да ги утврдат видовите на активности со структуриран инпут. На крајот, студентите имаат задача да ја објаснат улогата на активностите со структуриран инпут и на експлицитните објаснувања преку наведување на позначајни студии во оваа област.

На крајот е прикажана користената литература, односно е наведен список на целокупната консултирана литература за потребите на овој ракопис. Оваа литература претставува и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги продлабочат своите знаења од оваа област.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Didattica della lingua italiana 2 – Eserciziario (Практикум по Методика на наставата по италијански јазик 2)" од доцент д-р Весна Коцева, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидена за предметот Методика на наставата по италијански јазик 2 на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, односно видот на прашањата/вежбите/активностите обезбедуваат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на практикум според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ракописот со наслов „Didattica della lingua italiana 2 – Eserciziario (Практикум по Методика на наставата по италијански јазик 2)" од доцент д-р Весна Коцева да го прифати за објавување како рецензиран електронски практикум.**

**Рецензенти**

**Д-р Надица Негриевска,** доцент, с.р.
**Д-р Јована Караникиќ-Јосимовска,** доцент, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научните совети на докторски студии на Кампус 3**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ФМН** | 0206-572/4 од 21.9.2022 | „Ефикасноста на трихлороцетната киселина во третман на инфекции со HPV (Human papillomavirus) грло на матка“/ „ Efficacy of trichloroacetic acid in treatment of HPV (Human papillomavirus) related infections of the uterine cervix“ | Проф. д-р Невенка Величкова, интерен ментор<br><br>Проф. д-р Марјан Стојовски, екстерен ментор | Анита Морарцалиева-Чочкова |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 1. Основни принципи, значење и примена на гел електрофорезата | 2002-259/13 од 14.9.2022 г. | Проф. д-р Невенка Величкова | Марија Ѓорѓевска |
| | 2. Влијание на фазата на нитрификација на биолошкиот третман врз концентрациите на азотни соединенија во станицата за третман на отпадни води | 2002-259/14 од 14.9.2022 г. | Проф. д-р Александар Цветковски | Александра Митевска |